Врз основа на член 124 став (1) алинеја 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25) и член 43 став 1 алинеја 11 и член 83 точката 16 од Статутот на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија бр. 01-1414/2 од 05.03.2026 година, Програмскиот совет на МРТ на својата 49-та седница, одржана на 29.06.2026 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за начинот на спроведување на постапките за донации и спонзорства во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија

### Предмет на уредување
### Член 1

(1) Со овој Правилник се уредуваат условите, начинот и постапката за прием, евиденција и користење на донации и спонзорства во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија (во натамошниот текст: МРТ)

(2) Одредбите од овој Правилник не се применуваат на трансакции кои по својата економска суштина претставуваат набавка на стоки, услуги или работи, без оглед на нивната правна форма или називот под кој се склучуваат.

(3) Со овој Правилник се уредуваат и надлежностите на органите и организациските единици на МРТ во постапката за прифаќање и реализација на донациите и спонзорствата, начинот на заштита на јавниот интерес, програмската, уредувачката и новинарската независност на МРТ, како и мерките за спречување судир на интереси и обезбедување транспарентност во постапувањето.

(4) Одредбите од овој Правилник се применуваат во согласност со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Статутот на МРТ и другите прописи со кои се уредува работењето на МРТ.

### Донации и спонзорства
### Член 2

(1) МРТ може да прима донации и спонзорства заради поддршка и унапредување на својата јавна дејност, во согласност со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Статутот на МРТ и овој Правилник.

(2) Донација е доброволна и безусловна помош во пари, добра и услуги која ја дава донаторот на МРТ, а која не создава директна корист за давателот ниту обврска за враќање од МРТ и која може да биде дадена за цели од јавен интерес или за поддршка на активностите на МРТ.

(3) Спонзорство е секој придонес од правно или од физичко лице кое не е вклучено во обезбедувањето аудио или аудиовизуелни медиумски услуги, или услуги на платформи за споделување видеа или во продукцијата на аудио или аудиовизуелни дела, кој вклучува доброволна финансиска исплата, давање добра или услуги заради финансирање на аудио или аудиовизуелни медиумски услуги, услуги на платформи за споделување видеа, видео создадено од корисник или програми, со цел да го промовира своето име, заштитен знак, имиџ, активности или производи.

(4) Прифаќањето на донации и спонзорства не смее да влијае врз програмската, уредувачката и новинарската независност на МРТ, ниту да создава право на донаторот или спонзорот да влијае врз изборот на програмските содржини, уредувачката политика, програмската шема или врз одлучувањето на органите и организациските единици на МРТ.

(5) Донациите и спонзорствата се прифаќаат и користат исклучиво во согласност со јавниот интерес, начелата на законитост, транспарентност, отчетност, еднаков третман и спречување судир на интерес.

**Договор за донација и спонзорство**
**Член 3**

(1) Давателот на донацијата и спонзорството и МРТ како примател на донацијата или спонзорството склучуваат договор во писмена форма, согласно со Законот за облигационите односи.

(2) Предмет на договорот од ставот (1) на овој член мора да биде остварување на јавен интерес кој опфаќа поддржување или промовирање на дејности во областа на заштитата на човековите права, на промоција на културата, уметноста, аудиовизуелната дејност и забавните содржини, етиката, здравството, образованието, науката, развојот на информатичкото општество и преносот на електронските податоци, спортот, заштитата на животната средина, социо-хуманитарните дејности, развојот на граѓанското општество, промовирањето на крводарителството, други активности и кампањи од јавен интерес, промоцијата на меѓународната соработка, како и поддршка на специфичните дејности на МРТ како јавен радиодифузен сервис, вклучително производство на програма од јавен интерес, опремување и техничко унапредување на капацитетите за производство на програма, едукација на медиумски кадар и зајакнување на професионалните, техничките и образовните капацитети на МРТ.

(3) Предмет на договорот за спонзорство може да биде придонес за финансирање или техничка поддршка на конкретна програма, серијал или настан на МРТ, во согласност со одредбите на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за спонзорирани програми.

(4) Не може да биде предмет на договор за донација или спонзорство:

- набавка на стандардна опрема, потрошен материјал или редовни услуги за работа на МРТ;
- финансирање на вести, информативни програми и програми за актуелни случувања;
- придонес поврзан со конкретна одлука или избор во кој давателот има деловен интерес;
- и други дејности утврдени со закон.

**Даватели на донации и спонзорства**
**Член 4**

(1) Давател на донација или спонзорство може да биде домашно или странско физичко или правно лице, доколку со закон не е поинаку определено и доколку се исполнети условите утврдени со овој Правилник.

(2) МРТ нема да прифати донација или спонзорство доколку:

- давателот постапува спротивно на Уставот, законите или меѓународните договори што ја обврзуваат Република Северна Македонија;
- прифаќањето на донацијата или спонзорството може да доведе до судир на интереси или да го загрози јавниот интерес;
- постои можност за влијание врз програмската, уредувачката, новинарската, деловната или финансиската независност на МРТ;
- донаторот или спонзорот бара или условува медиумски, програмски, комерцијален или друг повластен третман кој не е дозволен со закон;
- прифаќањето на донацијата или спонзорството може да го наруши угледот, кредибилитетот или довербата на јавноста во МРТ.

(3) Давател на донација или спонзорство не може да биде:

- лице кое во моментот на склучување на договорот е во активен договорен однос со МРТ како добавувач на стоки, услуги, доколку донацијата или спонзорството е поврзана со предметот на постојниот договор или создава конфликт на интереси;
- политичка партија, кандидат на избори или правни лица регистрирани од нивна страна;
- лице чија главна дејност е производство или продажба на цигари или други производи од тутун, електронски цигари и средства за нивно дополнување, како и алкохол и алкохолни пијалаци;
- лице кое е под домашни или меѓународни санкции;
- лице без идентификуван сопственик.

(4) Пред донесување одлука за прифаќање на донација или спонзорство, се врши процена на исполнетоста на условите од овој член, како и процена на евентуален судир на интереси, согласно овој Правилник.

(5) Доколку во текот на реализацијата на договорот настанат околности од ставовите (2) и (3) на овој член, МРТ ќе преземе мерки за нивно отстранување, а доколку тоа не е можно, ќе го раскине договорот согласно закон и неговите одредби.

(6) Давателот на донацијата или спонзорството при склучување на договорот потпишува писмена изјава под материјална и кривична одговорност дека не е исполнета ниту една од забраните од ставовите (2) и (3) на овој член.

## Предмет на донации и спонзорства
## Член 5

(1) Предмет на донацијата и спонзорството се:

- финансиски средства;
- секаков вид добра и услуги, вклучувајќи и материјални добра, сопствено произведени или набавени и
- завештанија и други преносни права.

(2) Предметот на донацијата и спонзорството мора да е во согласност со дејноста на МРТ.

(3) Предмет на донацијата и спонзорството не можат да бидат добра и услуги чиј промет е забранет со закон.

(4) Кога предмет на донацијата или спонзорството се непарични средства (стоки, услуги, работи), нивната вредност задолжително се утврдува по фер пазарна вредност на денот на склучување на договорот според важечка рамка за финансиско известување.

(5) Кога на МРТ му се дава непарична донација или спонзорство и истовремено МРТ му дава противвредност во рекламно или спонзорско време, вредностите на двете страни мора да бидат документирано усогласени и фактурирани.

(6) Кога поддршката за технолошка инфраструктура, техничкото опремување и функционалното уредување на студијата за потреби на продукција, вклучувајќи отстапувањето на правата за користење на специјализирани софтверски решенија, облак-услуги (SaaS), дигитални решенија и платформи се реализира во форма на спонзорство, МРТ се обврзува јавно да го истакне и признае придонесот на Спонзорот.

(7) Јавното признавање од ставот (6) на овој член се врши исклучиво преку објавување на името, соодветната марка, логото или знакот на спонзорот (на одјавна шпица, на посебно определени елементи во студиото или при промоција на проектот), со цел подигнување на угледот на спонзорот.

(8) Истакнувањето на логото на спонзорот не смее да содржи елементи на директно комерцијално рекламирање, повици за купување на производи или услуги, ниту пак да го наруши уредувачкиот интегритет и независност на програмата на МРТ.

**Цели на донацијата и спонзорството**
**Член 6**

(1) Цел на донацијата и спонзорството е остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес на МРТ.

(2) Донација се дава на МРТ со цел да се задоволат неговите декларирани, јавно утврдени потреби и цели и/или да се решат одредени состојби и проблеми.

(3) Спонзорство се дава на МРТ за имплементација на јавниот интерес од определена јавна дејност дефинирана во договорот за спонзорство.

**Член 7**

(1) Пред склучување на договор за донација или спонзорство, Директорот на МРТ обезбедува пополнување на Образецот за прием на донација/спонзорство (во натамошниот текст: Образецот), кој е составен дел на овој Правилник и се архивира заедно со секој договор.

(2) Образецот содржи четири дела кои ги пополнуваат и потпишуваат:

Дел 1 — Правна служба: проверка на усогласеноста на предметот со дејноста на МРТ, проверка на дарителот и усогласеноста на договорот со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности;

Дел 2 — Сектор за јавни набавки: проверка на усогласеноста на предметот на договорот со Законот за јавните набавки, вклучувајќи тест на супституција, структура на плаќање, влијание врз дизајнот и агрегација на поврзани трансакции;

Дел 3 — Сектор за финансии: утврдување на фер пазарна вредност, МСФИ класификација и предложен сметководствен третман — само кога предметот на донацијата или спонзорството е непаричен;

Дел 4 — Одговорен уредник: изјава дека договорот не ја загрозува уредувачката и новинарската независност на МРТ.

(3) Секој носител на обврска од ставот (2) на овој член е должен да го пополни и потпише соодветниот дел на Образецот во рок од три работни дена од денот на приемот на барањето за пополнување.

(4) Доколку кој и да е дел на Образецот содржи негативен заклучок, договорот не се потпишува. По исклучок, Директорот може да одлучи да го потпише договорот и покрај негативниот заклучок, само врз основа на писмена одлука со образложение, која се архивира заедно со Образецот и договорот.

(5) Директорот го потпишува договорот откако ќе бидат пополнети и потпишани сите задолжителни делови на Образецот. За паричен предмет задолжителни се Делови 1, 2 и 4. За непаричен предмет задолжителни се Делови 1, 2, 3 и 4.

**Даночни поттикнувања**
**Член 8**

Давателот на донацијата и спонзорството и МРТ имаат право на даночни поттикнувања за донации и спонзорства предвидени со закон.

**Известување за користењето на донацијата и спонзорството**
**Член 9**

(1) Давателот на донацијата и спонзорството и МРТ се должни да изготват извештај за дадената и за добиената донација и спонзорство кој треба да ги содржи следниве податоци:

- име и назив на давателот и на примателот;
- име и назив на крајниот корисник;
- опис на предметот на донација и на спонзорството кој овозможува нивно идентификување со назначување на количината, вредноста и другите негови особености;

- крајна употреба на предметот на донацијата и спонзорството и
- целта и намената на користење на донацијата или спонзорството;
- други податоци.

(2) Договорот за донацијата и спонзорството од членот 3 став (1) од овој Правилник и извештајот од ставот (1) на овој член задолжително се доставува до УЈП, доколку за нив се предвидени даночни поттикнувања, најдоцна 30 дена од денот на исполнувањето на договорот.

(3) Договорот за донацијата и спонзорството, како и секоја друга документација која е поврзана со донацијата и спонзорството, мора да се чува најмалку пет години од завршувањето на календарската година во која е исполнета обврската од договорот.

(4) Примените донации и спонзорства се евидентираат во сметководството на МРТ согласно важечките сметководствени стандарди, со посебна аналитичка евиденција.

(5) МРТ води Регистар на донации и спонзорства, кој содржи: давател, предмет, вредност, противвредност. Регистарот се објавува на интернет-страницата на МРТ најмалку еднаш годишно и е јавно достапен без ограничувања.

**Заштита на јавниот интерес**
**Член 10**

(1) На барање за потврдување на јавен интерес поднесено од давателот на донацијата, односно спонзорството или МРТ, Министерството за правда издава решение со кое го потврдува јавниот интерес на дадената донација или спонзорство.

(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член се приложува Договорот за донација, односно спонзорство.

(3) Барањето од ставот (1) на овој член се поднесува на два идентични обрасци со прилог на докази.

(4) Образецот на барањето од ставот (1) на овој член е пропишано согласно закон.

**Влегување во сила**
**Член 11**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавување на Огласната табла на МРТ и на интернет-страницата на МРТ.

ПРОГРАМСКИ СОВЕТ
на Јавното радиодифузно претпријатие
Македонска радио-телевизија

_______________________________

Давор Пашоски
Претседател

Бр. 02-3722/2
29.06.2026 година